Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 25 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08 и 124/10), а во согласност со глава IV став 1 точка 7 од Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци на Општина Кочани (бр.03-2854/1 од 19.12.2011 година), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе:

# УПАТСТВО

**за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци во Општина Кочани**

## Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци во Општина Кочани.

## Член 2

Лица овластени за вршење на обработка на личните податоци во смисла на ова Упатство, се лица кои се вработени или ангажирани во Општина Кочани, кои имаат пристап до документите со лични податоци и до информатичко комуникациската опрема во Општина Кочани.

## Член 3

За лицата кои се вработени или ангажирани во Општина Кочани и на кои им е издадено Овластување од страна на Градоначалникот за вршење на обработка на личните податоци во Општина Кочани, се води евиденција, која ги содржи следните податоци:

- Реден број;
- Име и презиме на овластеното лице;
- Број и датум на издавање на овластувањето;
- Рок на важење на овластувањето;
- Обем на овластувањето за пристап до личните податоци;
- Начин на пристап;

## Член 4

Евиденцијата за лица овластени за вршење обработка на личните податоци во Општина Кочани од член 3, се води на Образец 1 кој е составен дел на ова Упатство.

**Член 6**

Ова Упатство влегува во сила со денот на донесувањето и истиот ќе биде објавен на интернет страницата на Општина Кочани.

Бр.03-2860/1
од 19.12.2011 година
Кочани

**Градоначалник**
**на Општина Кочани**
**Ратко Димитровски**

Република Македонија * Општина Кочани *

Изработил:
Драган Ананиев

**Образец 1**

| Бр. | Име и презиме на овластеното лице | Број и датум на издавање на овластувањето | Рок на важење на овластувањето | Обем на овластувањето за пристап до личните податоци | Начин на пристап |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |